A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 - 09/1
03. 01 2023 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 6 од Правилникот за доделување на стипендии на новозапишани студенти од општина Зрновци и стипендии за ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци бр. 08- 1104 од 06.12.2022 година , Градоначалникот на Општината распишува:

# КОНКУРС

За доделување на стипендии на новозапишани студенти од општина Зрновци и студенти кои веќе студираат на јавните високообразовни институции во Република северна Македонија и стипендии за ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци

Согласно Правилникот за стипендирање на новозапишани студенти од Општина Зрновци на универзитетите во Република Македонија.и стипендии за ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци , Градоначалникот на Општина Зрновци распишува Конкурс за прибирање пријави за доделување на стипендии на новозапишани студенти од општина Зрновци и стипендии за ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци .

**Право на стипендија имаат студентите и учениците кои се:**

- Жители на општината Зрновци со населените места кои припаѓаат на општината Зрновци );
- Државјани на Република Македонија;
- Новозапишани редовни студенти , студенти кои веке студираат на јавните високообразовни институции во Република северна Македонија , ученици на самохрани родители и ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци .
- Не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании;

**За доделување на стипендија за новозапишани студенти и студенти кои веке студираат на јавните високообразовни институции во Република северна Македонија се утврдуваат следните критериуми:**

1. Остварен успех во текот на средното образование 4 и 5 (четири и пет),

По овој основ може да се добијат најмногу **40** бода.

2. Дефицитарност на кадрите што за секоја студиска година ја утврдува со посебна Одлука Градоначалникот на општина .

По овој основ може да се добијат најмногу **30** бода

3. Материјалните можности на студентот и неговото семејство за кој се земаат месечните примања по член на семејството на студентот во однос на просечно исплатената плата по вработен во РСМ за последните 3 (три )месеци.

По овој основ може да се добијат најмногу **30** бода.

**За доделување на стипендии за ученици се утврдува следниот критериум**

1.Дете на само хран родител.

2 ученици на невработени родители од основно и средно образование од општина Зрновци

По овој основ може да се добијат најмногу **100** бода.

**Кон Пријава се приложуваат следните документи:**

1. Потврда за редовно запишан зимски семестар за прва годин за студентот а за ученикот потврда за редовен ученик
2. Изјава за семејната состојба на студентот и ученикот заверена кај нотар
3. Уверение за приходи од земјоделска или друга дејност на студентот и ученикот и на членовите на неговото семејство;
4. Потврда за висината на платите на членовите на семејството на студентот
5. За членовите на семејството на студентот пензионери-испратница од пензија за последниот месец;
6. За невработените членови на семејството на студентот и ученикот Потврда од Агенцијата за вработување дека се невработени или примаат паричен надоместок;
7. За студенти кои веке студираат на јавните високообразовни институции во Република Северна Македонија потврда за редовен студен со зашишан семестар и да не се корисници на стипендија или кредит од други институции или компании

7.Потврда за самохран родител на ученикот

Заинтересираните новозапишани студенти и ученици Пријавите по распишаниот конкурс ги доставуваат до Општина Зрновци на адреса ,, Општина Зрновци ул. Илинденска бб Зрновци .

**Конкурсот трае 15 дена**

**Рокот за поднесување на пријавите е до 23.01.2023година**

Некомплетните пријави и пријавите кои ќе се доставаат после предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр.09- 09/1
03.01. 2023 год.

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Градоначалник
Борчо Коцев